Врз основа на член 36 став (6) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25 и 101/25), член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на петтата седница одржана на 10 декември 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА ЗА ГП 03.2, ГП 03.6 и ГП 03.11 ОД ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СИ 01, БЛОК 03, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ (ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2023 - 2028)**

**Член 1**

(1) Со оваа одлука се донесува техничка исправка за ГП 03.2, ГП 03.6 и ГП 03.11 од ДУП за градска четврт СИ 01, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје (плански период 2023 - 2028), донесен со Одлука бр.09-4583/7 од 13.05.2025 година.

(2) Техничката исправка за ГП 03.2, ГП 03.6 и ГП 03.11 од ДУП за градска четврт СИ 01, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје (плански период 2023 - 2028), донесен со Одлука бр.09-4583/7 од 13.05.2025 година, во целост е изработен во согласност со Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25 и 101/25) и Правилникот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 104/22, 7/25, 143/25 и 241/25) како и други важечки прописи и нормативи од областа на урбанистичкото планирање.

**Член 2**

(1) Во ДУП за градска четврт СИ 01, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје (плански период 2023 - 2028), донесен со Одлука бр.09-4583/7 од 13.05.2025 година, АКН при преклоп на податоците од ДУП со податоците од катастарските планови за КО Маџари констатира разлика во нумеричкиот показател во доставена проектна документација во површината на ГП 03.2 (332 м$^2$ ), ГП 03.6 (985 м$^2$ ), ГП 03.11 (2742 м$^2$) и во вкупната површина на градежни парцели (56999 м$^2$), со нумеричкиот показател во доставениот графички прилог во векторски формат во површината на ГП 0.32 (289,47 м$^2$), ГП 03.6 (981,63 м$^2$), ГП 03.11 (2746,21 м$^2$) и вкупната површина на градежни парцели (56965,74 м$^2$)

(2) Следствено на оваа неусогласеност, за формираните градежни парцели со број 03.2, 03.6 и 03.11 неточно се исчитани површините на овие градежни парцели, односно исцртаната површина на градежните парцели не е согласна помеѓу графичкиот дел и табелите за нумерички податоци. Во табелите од нумеричкиот дел кои дефинираат вкупни податоци на ниво на блок, исто така се јавува неусогласеност во збирните параметри за површина на намената В - јавни дејности и институции и Д - зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори.

**Член 3**

Техничката исправка за ГП 03.2, ГП 03.6 и ГП 03.11 од ДУП за градска четврт СИ 01, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје (плански период 2023 - 2028), донесен со Одлука бр.09-4583/7 од 13.05.2025 година, со тех.бр.У-122/25 од ноември 2025 година, изготвен од Друштво за архитектонски дејности "УРБАНКОН" ДООЕЛ Скопје, содржи:

**СОДРЖИНА**

I. ОПШТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

- ПОТВРДА ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ
- ТЕКОВНА СОСТОЈБА
- ЛИЦЕНЦА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
- РЕШЕНИЕ ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПЛАНЕРИ
- ОВЛАСТУВАЊА НА ПЛАНЕРИ

II. ИЗВОД ОД ДУП

Извод од план бр.797/2025, арх.бр.28-3/3488-2 од 18-08-2025 за ГЧ СИ 01, Блок 03, ГП 03.2
Извод од план бр.798/2025, арх.бр.28-3/3488-3 од 18-08-2025 за ГЧ СИ 01, Блок 03, ГП 03.6
Извод од план бр.799/2025, арх.бр.28-3/3488-4 од 18-08-2025 за ГЧ СИ 01, Блок 03, ГП 03.11

III. ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА

- Вовед
- Планирана состојба според усвоена планска документација
- Техничка исправка

Прилози:
- Планска документација - текстуален и нумерички дел според техничка исправка
- Намена на земјиште, План за парцелација, Регулационен план, план на површини за градење и план на парцелација, План за зеленило, Електроенергенси, телекомуникациски и гасоводен инфраструктурен план, Синтезен сообраќаен и инфраструктурен план, според техничка исправка
- Синтезен план според техничка исправка

**Член 4**

Одлуката за донесување на техничка исправка за ГП 03.2, ГП 03.6 и ГП 03.11 од ДУП за градска четврт СИ 01, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје (плански период 2023 - 2028), донесен со Одлука бр.09-4583/7 од 13.05.2025 година, задолжително се прикачува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам од страна на донесувачот на техничката исправка.

**Член 5**

Донесувачот на Одлуката за донесување на техничка исправка за ГП 03.2, ГП 03.6 и ГП 03.11 од ДУП за градска четврт СИ 01, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје (плански период 2023 - 2028), донесен со Одлука бр.09-4583/7 од 13.05.2025 година, е должен примерок од одлуката за донесување на техничка исправка во електронска форма да ја објави на својата веб страна.

**Член 6**

Техничка исправка е составен дел на деталниот урбанистички план, кој се применува во форма на пречистена верзија на планот односно како основниот план во кој е вградена техничката исправка, за кој што важат истите одредби за предавање, објавување, презентирање, преклопување, применување и чување на урбанистички планови.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-9771/15**
**од 10.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски**